ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПЛАНИНСКИ СПОРТОВИ „ ЧУПИНО'
ул.Никола Карев бр.1, 2310 Виница

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

Примено: 13 11 2026			
Орг.Един	Број	Прилог	Вредност:
05	285/23		

ПЛАНИНСКИ ТРКИ
ЧУПИНО ТРЕИЛ 2027
ЧУПИНО ВЕРТИКАЛ 2027

1. ОПИС НА ТРКИТЕ.

1.1 Планинска трки ЧУПИНО ТРЕИЛ се трки во планинско трчање (TRAIL RUNNING) во должина од 16 km, 32 km и 60 km. Трките ќе минуваат преку трите највисоки врвови на планината Плачковица (Чупино 1725м Бел Камен 1700 м и Лисец 1754). Стартот и финишот на трката ќе биде во Виница во градскиот парк. Попатно се минува низ градот Виница, искачување до метеоролошката станица преку меснота Ширина, с.Липец, с.Блатец, врв Чупино, врв Лисец, шумски пат за Лисец, месност Шипок, Виничко Кале и со финиш во градскиот парк. Ќе бидат поставени 5 пунктови за поддршка и освежување на натпреварувачите, кои ќе бидат и мерни станици. Пункт бр.1 на 10 км. Мерна станица и освежување во с. Блатец, Пункт бр.2 Чупино, пункт бр.3 9 Буки браќа, Пункт бр.4 Лисец, пункт бр.5 на 15км пред целта на патот за Лисец. Трката е предвидена да се одржи на 29 август. Исто така Чупино Треил 2027 веќе е сертифицирана од меѓународната асоциација за планинско трчање ITRA и носи поени за светската ранг листа , и квалификациски поени за најпрестижната планинска трка во светот Ултра ду Мон Блан.

2. Пријавување на натпреварувачите промоција на градот Виница

2.1 Се очекува на трката да бидат пријавени околу 300 натпреварувачи од Македонија и околните држави. Пријавувањето ке се извршува преку интернет.

2.2 Вакви трки се повеке се организираат во светот како на пример општините од Бугарија кои се збартимени со општина Виница , Банско и Трајавна имаат вакви трки Tryavna ultra, Pirin SKY RUN, и Pirin Ultra која трка од оваа година е на календарот на светски куп. Со оваа трка Виница, селата Липец и Блатец и планината Плачковица ке бидат промовирани пред пошироката јавност, со што во иднина можеби ке заживее планинарскиот туризам.

3.ТЕХНИЧКА ПОДРШКА И ЛОГИСТИКА

3.1 ГПС МАРКИРАНЊЕ НА ПАТЕКАТА

ГПС маркирањето ке се изврши од членовите на клубот за планински спортови Чупино од Виница кои имаат искуство во планинските трки и маратони, од планинасрко друштво Плачковица и од клубот за планински спортови ТРЕКС од Скопје. Маркирањето ке се извршува со сопствени уреди на члеовите на клубовите.

3.2 МАРКИРАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПАТЕКАТА.

Маркирањето и обелешувањето на патеката ке биде од страна на клубот за планински спортови Чупино од Виница и планинарите од Виница. Маркирањето и обележувањето ке биде со патни знаци, еколошки бои, и ПВЦ ленти во боја.

3.3 ПОСТАВУВАЊЕ НА ПУНКТОВИ ЗА ОСВЕЖУВАЊЕ И МЕРЕЊЕ НА ВРЕМЕТО

Пунктовите ке бидат поставени на 6 локации. Главен пункт во градскиот парк каде што и ке биде стартот и целта, таму ке биде доделувањето на наградите и забавниот дел. Пункт бр.1 с.Блатец , пункт бр.2 Чупино, пункт бр.3 9 Буки браќа, Пункт бр.4 Лисец, Пункт бр.5 патот Лисец -Градец. На сите

пунктови ке има освежителни и енергетски пијалоци како и освежителна и енергетска храна..

3.4 МЕДИЦИНСКА ПОДРШКА

Медицинската подршка ке се состои од 2 доктори и 1 медицинско лице со теренско возило.

3.5 ТЕХНИЧКА ОПРЕМА

Потрбеите од технича опрема ке бидат обезбеди од добровлови и волонтери , а некои ке бидат изнајмени. Потребни ке бидат 3-4 теренски возила, 1 автомобил, озвучување, мерни инструменти и др.

3.7 СПОНЗОРИ И ВОЛОНТЕРИ.

Некои технички средства ке бидат обезбедени од спонзори кои ке имаат можност за рекламирање на интернет, за време на пријавувањето и за време на трката.. за спроведување на оваа трка ке ни бидат потребни околу 40 волонтери. Подршка и волонтер ќе побараме од планинарски клубови, од Црвен крст, ловечкото друштво од виница, од Шумско стопанство Виница,од сојузите на училични спортови и др.

4. ПРОГЛАСУВАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ НА НАЈДОБРИТЕ ВО МАШКА И ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА, КУЛТУРНО ЗАБАВЕН ДЕЛ.

Прогласувањето на победниците ке биде во градскиот парк,се предвидува секој учесник кој ќе ја заврши трката да добие медал, а надјобрите и парични награди .Како во машка така и во женска конкуренција. За забавниот дел ке се погрижи некој локален бенд или DJ.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПЛАНИНСКИ СПОРТОВИ „ ЧУПИНО'
ул.Никола Карев бр.1, 2310 Виница

ПЛАНИНСКА ТРКА
ЧУПИНО ВЕРТИКАЛЕН КИЛОМЕТАР 2027

1. ОПИС НА ТРКАТА.

Планинска трка ЧУПИНО ВЕРТИКАЛЕН КИЛОМЕТАР е трка во планинско трчање (TRAIL RUNNING) во должина од околу 5 КМ и висинско искачување од околу 1000 м. Стартот на трката ќе биде во с. Блатец, а финишот ќе биде на врвот Чупино.

Трката е предвидена да се одржи кон средината на месец Февруари. (во зависност од временските услови)

Во тек е официјализирање на Македонска Sky Running асоцијација (како дел од Светската асоцијација), со своја сопствена лига која ќе брои 5 трки од ваков тип, а ЧУПИНО ВЕРТИКАЛЕН КИЛОМЕТАР е првата трка од оваа лига.

2. Пријавување на натпреварувачите промоција на градот Виница

2.1 Се очекува на трката да бидат пријавени околу 200 натпреварувачи од Македонија и околните држави. Пријавувањето ќе се извршува преку интернет.

.

3.ТЕХНИЧКА ПОДРШКА И ЛОГИСТИКА

3.1 ГПС МАРКИРАНЊЕ НА ПАТЕКАТА

ГПС маркирањето ке се изврши од членовите на клубот за планински спортови Чупино од Виница кои имаат искуство во планинските трки и маратони, од планинасрко друштво Плачковица и од клубот за планински спортови ТРЕХ од Скопје.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПЛАНИНСКИ СПОРТОВИ „ ЧУПИНО'
ул.Никола Карев бр.1, 2310 Виница

Маркирањето ке се извршува со сопствени уреди на чleовите на клубовите.

3.2 МАРКИРАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПАТЕКАТА.

Маркирањето и обелешувањето на патеката ке биде од страна на клубот за планински спортови Чупино од Виница. Маркирањето и обележувањето ке биде со патни знаци, еколошки бои, и ПВЦ ленти во боја.

3.4 МЕДИЦИНСКА ПОДРШКА

Медицинската подршка ке се состои од 1 доктор и 1 медицинско лице.

3.5 ТЕХНИЧКА ОПРЕМА

Потрбеите од технича опрема ке бидат обезбеди од добровлоци и волонтери , а некои ке бидат изнајмени.

3.7 СПОНЗОРИ И ВОЛОНТЕРИ.

Некои технички средства ке бидат обезбедени од спонзори кои ке имаат можност за рекламирање на интернет, за време на пријавувањето и за време на трката. За спроведување на оваа трка ке ни бидат потребни околу 10 волонтери. Подршка и волонтери ќе побараме од планинарски клубови, од Црвен крст, ловечкото друштво од Виница, од Шумско стопанство Виница и др.

4. ПРОГЛАСУВАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ НА НАЈДОБРИТЕ ВО МАШКА И ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПЛАНИНСКИ СПОРТОВИ „ ЧУПИНО'
ул.Никола Карев бр.1, 2310 Виница

Прогласувањето на победниците ке биде на врвот Чупино. Се предвидува секој учесник кој ќе ја заврши трката да добие медал, а надјобрите и симболични награди. Како во машка така и во женска конкуренција.

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА ЧУПИНО ТРЕИЛ 2027

1. 1.Обележување маркирање и чистењена патеките (набавка на бои, ПВЦ лента, изработка на знаци)	15000 ден.
2.рекламирање на интернет(facebook instagram, google) котизација и членство во ITRA, членство во ФПСМ Скајранин лига на МК , печатење на флаери , постери банери , стартни броеви.	30000 ден.
2.Набавка на електролити, витамини, енергетска храна и пијалоци кои ке бидат поставени на пунктовите. Ххрана за сите тркачи	20000 ден.
3.Расходи за нафта и бензин	20000 ден.
4.Изнајмување на мерни инструменти наменети за трката.	70000 ден.
5.Медицински персонал(2 доктори и 1 медицинско	5000 ден.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПЛАНИНСКИ СПОРТОВИ „ ЧУПИНО'
ул.Никола Карев бр.1, 2310 Виница

лице).	
6.Озвучување во градскиот парк.	4000 ден.
7.Забавен дел (локален бенд или дј) .	30000 ден.
8.Награден фонд	60000 ден.
9.Изработка на медали	60000 ден
10. сместување на гости(поканети)	10000 ден.
11.Мајци за натпреварувачите и волонтерите	90000 ден.
ВКУПНО :	414000 ден.

ФИНАНССИСКА КОНСТРУКЦИЈА ЧУПИНО ВЕРТИКАЛ 2027

1. 1.Обележување и маркирање (набавка на бои, ПВЦ лента, изработка на знаци)	9000 ден.
2.рекламирање на интернет (facebook, instagram) , печатење на флаери , постери банери , стартни броеви.	18000 ден.
3.Набавка на електролити, витамини, енергетска храна и пијалоци кои ке бидат	12000 ден.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПЛАНИНСКИ СПОРТОВИ „ ЧУПИНО'
ул.Никола Карев бр.1, 2310 Виница

поставени на целта храна за сите тркачи	
4.Расходи за нафта и бензин	6000 ден.
5.Изнајмување на мерни инструменти наменети за трката.	12000 ден./ во зависност од бр на тркачи.(100 еур. Софтвер + 0,5еур од тркач.
6.Медицинискиперсонал(1 доктор и 1 медицинско лице).	5000 ден.
7.Изработка на медали	30000 ден
8. Сместување на гости(поканети)	9000 ден.
вкупно	101,000 ден.

Чупино Треил 2020	404 000 ден.
Чупино Вертикал 2020	101000 ден
ВКУПНО	505 000 ден.

Однапред благодариме

Здружение за планински спортови Чупино ,Виница